# ИТНО - Известување за теренска безбедност *MobileDiagnost wDR*

***Проблем со ненамерно движење***

Почитувани,

Кај *MobileDiagnost wDR* од Philips е откриен проблем кој, доколку се појави повторно, може да претставува ризик за пациентите или корисниците. Ова *известување за теренска безбедност* е наменето да Ве извести за:

- Видот на проблемот и условите во кои може да се појави
- Постапките што треба да ги преземе клиентот / корисникот за да спречи појава на ризици за пациентите или корисниците
- Постапките што компанијата Philips планира да ги преземе за да го коригира проблемот.

**Овој документ содржи важни информации за безбедно и правилно користење на вашата опрема во иднина**

Ве молиме разгледајте ги следните информации заедно со сите членови на вашиот персонал кои треба да бидат запознаени со содржината на овој допис. Од особена важност е да ги разберете последиците од овој допис.

Ве молиме направете копија и ставете ја во упатството за користење на опремата.

Ако ви се потребни дополнителни информации или поддршка за овој проблем, ве молиме обратете се кај вашиот локален претставник од Philips: ФИЛА – ФАРМ ДООЕЛ, ул: Бледски договор бр.8, 1000, Скопје, Р. Северна Македонија, тел: + 389 2 3104 996, факс: +389 2 3104 911, е-маил: bojana.filipovska@filafarm.com.mk

Се извинуваме за сите непријатности кои настанале поради овој проблем и бидете сигурни дека овие информации ќе ги елиминираат сите ваши грижи.

Со почит,

Фила – Фарм Дооел
Скопје

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP * СКОПЈЕ

# ИТНО - Известување за теренска безбедност
## *MobileDiagnost wDR*

### *Проблем со ненамерно движење*

| | |
|---|---|
| **ОПФАТЕНИ ПРОИЗВОДИ** | Сите производи MobileDiagnost wDR со системски код: 712001,712002, 712004, 712005 |
| **ОПИС НА ПРОБЛЕМОТ** | А: може да настане неочекувано движење при поместување на системот. Системот може да направи ненамерно движење што може да се запре само со активирање на сопирачката за итни случаи. Во одредени околности, системот може да направи непредвидено движење што може да се запре со отпуштање на „прекинувачот за онеспособен корисник“.<br><br>В: слични проблеми може да настанат и во случаи кога рачката за поместување се заглавува (на пример, бидејќи не е прилагодена правилно), а тоа може да доведе до ненамерно продолжување на движењето што може да се запре само со притиснување на копчето за запирање во итни случаи. |
| **МОЖНИ ОПАСНОСТИ** | Неочекувана промена на правецот/брзината на движење што може да предизвика судир со друго лице или опрема за одржување во живот |
| **КАКО ДА ГИ ПРЕПОЗНАЕТЕ ОПФАТЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ** | Сите производи MobileDiagnost wDR со системски код: 712001,712002, 712004, 712005 |
| **ПОСТАПКИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ПРЕЗЕМЕ КЛИЕНТОТ / КОРИСНИКОТ** | Корисникот може да го користи системот според упатствата за користење (IFU). Ако настане ненамерно или непредвидено движење, корисникот треба да го притисне копчето за запирање на системот во итни случаи и да го отпушти „прекинувачот за онеспособен корисник“ на рачката. По безбедно запирање на системот, корисникот треба да го рестартира системот. Ако проблемот не се отстрани по рестартирањето, контактирајте со компанијата Philips. |
| **ПОСТАПКИ ШТО ПЛАНИРА ДА ГИ ПРЕЗЕМЕ КОМПАНИЈАТА PHILIPS** | Компанијата Philips ќе воведе неколку функции, вклучувајќи нов фирмвер и редизајнирана рачка за движење, за да го отстрани проблемот.<br>Сервисните инженери од Philips ќе ве известат кога FCO-комплетот ќе биде подготвен за имплементација.<br>Доколку сакате да контактирате со компанијата Philips за оваа програма, ве молиме наведете го кодот FCO-71200194. |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОДДРШКА** | Ако ви се потребни дополнителни информации или поддршка за овој проблем, ве молиме обратете се кај вашиот локален претставник на Philips: ФИЛА – ФАРМ ДООЕЛ, ул: Бледски договор бр 8, 1000, Скопје, Р. Северна Македонија, тел: + 389 2 3104 996, факс: +389 2 3104 911, е-маил: bojana.filipovska@filafarm.com.mk |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ